# АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА ФОН

Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
Бр. 01-17/4
13.05. 2026 год.
СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

БРОЈ 270

Скопје, 13.05.2026

# С О Д Р Ж И Н А:

1. Рецензија за избор на еден наставник, во сите наставно – научни звања, од научната област: 5.05.00.01 – Граѓанско материјално право..........................4719
2. Рецензија на ракописот „Облигационо право – општ и посебен дел“ од авторот д-р Зинета Асани........................................................................4729

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГРАЃАНСКО МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО -5.05.00.01. НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРАВНИ И ПОЛИТИЧКИ- НАУКИ- АУЕ - ФОН

На конкурсот објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ од 15.12.2025 година, за избор на наставник од научната област Граѓанско материјално право - 5.05.00.01. во определениот рок доставена е пријава од кандидатот проф.д-р Зинета Асани, вонреден професор на Факултетот за правни и политички науки при АУЕ –ФОН, Скопје.

Наставно – научниот совет на Факултетот за правни и политички науки при АУЕ-ФОН во Скопје на ден, 18.02.2026 година, формираше Рецензентска комисија за избор на наставник во научната област Граѓанско материјално право, 5.05.00.01. во состав:

**1.Проф. д-р Осман Кадриу, редовен професор - председател**

**2. Проф.д-р Башким Селмани, редовен професор, -член и**

**3.Проф. д-р Сејдефа Џафче, редовен професор, - член**

Рецензентската комисија по прегледување на доставената документација го донесе следниов:

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во научната облас Граѓанско материјално право - 5.05.00.01. во предвидениот рок се пријави:

1. Проф. д-р Зинета Асани.

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И НАУЧНО – СТРУЧНАТА АКТИВНОСТ НА Д-Р ЗИНЕТА АСАНИ

**ОБРАЗОВАНИЕ**

Д-р Зинета Асани е доктор на правни науки, избрана во звање вонреден професор на Факултетот за правни и политички науки при Американскиот Универзитет на Европа – ФОН.

Кандидатката е родена на 14.09.1962 година во Дебар, каде завршува основно и средно образование. По завршувањето на средното образование во академската година

1981/82 се запиша на Педагошката Академија “Св. Климент Охридски во Скопје, насока Биологија -хемија“ и дипломира во 1984 год. со одличен успех.

Во 2007 - та година дипломираше на Правниот факултет при “Државниот Универзитет во Тетово“ со просек 8,91, и се стекнува со звањето „дипломиран правник„

Во 2007-та година се запиша на последипломски студии по деловно право на Правниот факултет , при Првиот Приватен Универзитет –ФОН , во Скопје. По положувањето на предвидените испити со просечна оцена 10.00. Во 2009 – та година успешно го одбрани магистерскиот труд на тема: **„„Хармонизација на судството на Република Македонија согласно стандардите на Европската Унија„,** под менторство на проф.д-р Александар Николовски„ проф.д-р Валентин Пепељуговски-председател и проф.д-р Мерсел Билали-член со што се стекнува со звање „магистер на правни науки„ од областа „Европско право и право на ЕУ„

. Докторска дисертација пријавила во 2011 – та година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ – Скопје, со наслов ***„ Заштитата на граѓанските субјективни права во Римската судска постапка“***, На 11.03.2015 – та година со успех ја одбрани докторската дисертација пред комисија во состав: проф. д-р Владо Бучковски – ментор; проф.д-р Мирјана Поленак-Аќимовска-председател, проф.д-р Гоце Наумовски- член, проф. д-р , проф. д-р, Емилија Станковиќ -член и доц. д-р Марија Игњатовиќ-член, со што се стекнала со научен степен „доктор на правните науки„.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

## РАБОТНО - ПРОФЕСИОНАЛНО ИСКУСТВО

## *(НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ)*

2026- Вонреден професор на Факултетот за правни и политички науки-Скопје и ден денес.

2025-2026- Визитинг професор во Правниот факултет, при Државниот Универзитет „ Мајка Тереза„ во Скопје.

2021 – Со одлука бр.23-885/3 од 10.06.2021 година на наставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки во состав на АУЕ- ФОН Универзитет, избрана е за ***Вонреден професор од областа на Граѓанското право*** на Факултетот за правни и политички науки при АУЕ -ФОН Универзитетот во Скопје, во временски период од 5 години;

2016-2021- Со одлука бр.14-653/4 од 19.05.2016 година , на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки во состав на Првиот приватен Универзитет ФОН- Скопје , е избрана за ***Доцент од областа на Граѓанското право*** на Факултетот за правни науки во временски период од 5 години;

2016-2018 - Визитинг професор во Колеџот „Арби „ во Гњилане, по предмети од граѓанска област,

2018-2020 – Визитинг професор во Колеџот „Илириа„ во Приштина, по предметите од граѓанска област.

2010-2013 - Со одлука на наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки при Фон Универзитет е избрана во соработничко звање асистент од областа на правните дисциплини, и изведува вежби по предметите: римско право, граѓанско право, стварно право, семејно и наследно право и други предмети од наставните програми на Правниот факултет при ФОН Универзитет;

2013-2016 - Со одлука на наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки при Фон Универзитетот е избрана во соработничко звање асистент од областа на правните дисциплини, и изведува вежби по предметите: римско право, граѓанско право, стварно право, семејно и наследно право и други предмети од наставните програми на Правниот факултет при ФОН Универзитет;

Во рамките на наставно – образовната дејност на Факултетот за правни и политички науки при Универзитетот АУЕ-ФОН, кандидатката д-р Зинета Асани изведува настава на прв циклус на студии на македонски и албански јазик по предметите:

- Граѓанско право (Општ дел);
- Римско право;
- Стварно право;
- Облигационо право;
- Граѓанско процесно право;

На настава на втор циклус на студии изведува настава по предметите:

- Граѓанско право-применета програма;
- Вонпарнична и извршна постапка;
- Авторско право;
- Договорно право;
- Современи наследноправни системи;
- Парнично право-применета програма;
- Системи на запишување на правата на недвижности;
- Статутарно право;
- Оставинска постапка;
- Полноважност на договорите и надомест на штета;

Ментор на магистерски работи (преку 30 менторства), и специјалистички трудови (преку 60). Член на комисија за оценка и одбрана на магистерски работи (преку 30), ментор на дипломска работа (преку 60),.

Како универзитетски професор придонесла кон оспособувањето на соработнички кадар на Факултетот за правни и политички науки на Универзитетот.

Во досегашната академска работа, кандидатката д-р Зинета Асани при изведувањето на наставата се служи со интерактивната работа со студентите применувајќи ги современите

наставни методи. Посветено и со ентузијазам пристапува со студентите преку изразени елементи на индивидуален пристап и работа потикнувајќи ги кон аналитичко и критичко размислување. Наставата по предметите, покрај на теоретската основа, ја реализира со практично приближување на метеријата до студентите преку анализа на конкретни студии на случаи и апликативна примена на наставната материја. Поради ова, континуирано добива позитивни оценки во процесот на самоевалуација на Универзитетот. Важи и за принципиелен професор кој бара постигнување на високи академски стандарди од страна на студентите како при совладувањето на предметната материја така и при изработката на дипломските, специјалистичките и магистерските трудови.

Особена активност и професионалност кандидатката покажува и во активностите од поширок интерес. Во текот на својата досегашна кариера несебично и посветено придонесува во оспособувањето и издигнувањето на повеќе соработници на Факултетот за правни и политички науки.

## ДРУГИ АКТИВНОСТИ ВО СТРУКАТА

- 2021 - Раководител на катедрата по граѓанско право на Факултетот за правни науки при АУЕ - ФОН Универзитет.

- Со Одлука бр.23-648/3 од 22.06.2023 год, Наставно -научниот совет на Факултетот за правни и политички науки формираше Комисија за признавање испити во која комисија кандидатката е избрана како претседател на истата.

- Со Одлука бр.23-1198/5 од 24.06. 2022, Наставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки ја избра д-р Зинета Асани за член од Сенатот на АУЕ-ФОН.

- Со Одлука бр.23-870/3 од 25.06. 2025, Наставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки ја избра д-р Зинета Асани за член од Сенатот на АУЕ-ФОН за временски период од 3 години.

- Решение УП1 Бр.21-2335/1 од 04.12.2024, издадено од Министерството за правада на Република Северна Македонија , за член на работна група за измена и дополнување на закони ;

- РешениеУП1 Бр.08-954/2023 издадено од Министерството за правда на Република Северна Македонија, се поставува за постојан судски преведувач од македонски на албански и обратно за подрачјето на Основниот суд- Гостивар.

- Исто таке е вклучена во мноштвото проекти на ниво на Универзитетот: Фабрика на знаење (проект кој се одржува во континуитет од 2012 до 2018), Образование по мерка и други;

- Во 2004-2009 Наставник по биологија -хемија, вработена во основното училиште „Перпарими-Чегране„-Гостивар

## НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

### *УЧЕБНИЦИ*

1. Зинета Асани, Облигационо право- Општ и посебен дел /албански јазик/, учебник, прво издание, Скопје, 2025; ISBN978-608-4767-58-9; COBISS.MK-ID 67809029

### *НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ ВО ПЕРИОД*

***Објавени трудови по изборот вонреден професор:***

1. Zineta Asani, *Non-Marital Cohabitation and the Protection of Partners in the Countries of the Region and in North Macedonia: Comparative Analysis and Legal Perspective,* Vizione No.46/2025,pg.141., Open Access Journals, EBSCO (2025) ProQuest&Cite FactorOpen Access Journals, EBSCO (2014), Proquest & CiteFactorFirst Published in August 2004 ISSN: 1409-8962- printed form; ISSN 1857- 9221- electronic form, UDC: 347.61/.64(497.7) 347.61/.64(4-672EU),
, publisher: The Association of Intelectuals "Democratic Club", Skopje, 2022; www.visionsmagazine.org, www.visionsjournal.com

2. Zineta Asani, Nora Taravari, *The Digital Transformation of Contractual Relations: Electronic Commerce and Contracts in the Digital World* , Vizione No. 46/2025, pg. 203, Open Access Journals, EBSCO (2025) ProQuest&Cite FactorOpen Access Journals, EBSCO (2014), Proquest & CiteFactorFirst Published in August 2004 ISSN: 1409-8962- printed form; ISSN 1857- 9221- electronic form, 203 pp, UDC: 346.3-028.27 004.738.5:339 , publisher: The Association of Intelectuals "DemocraticClub",Skopje,2022,,www.visionsmagazine.org, www.visionsjournal.com

3. Zineta Asani, Nora Travari, *Брачниот договор и третманот на неговите правни и социјални импликации,* Centrum- ISSN 1857-8640, ISSN-1857-9395, Бр. 25/2025, стр.283 - UDC: 347.626:340.137(497.7:4-672EU), 2025, Center for Understanding and Institutional Cooperation (CUIC). www.centrum.mk

4. Nora Taravari, Zineta Asani, *The Social Issue of Modern Society Challenges the Key to North Macedonia Focus on Unemployment, Mental Health, and Domestic Violence,* International Journal of Research and Innovation in Social Science (IJRISS), ISSN No.2454-6186/DOI: 10.47772/IJRISS/Volume/Issue: 10/1 | Page No: 7361-7369, 1 January 2026 DOI:https://doi.org/10.47772/IJRISS.2026.10100570, https://rsisinternational.org/journals/ijriss/view/the-social-issue-of-modern-society-challenges-the-key-to-north-macedonia-focus-on-unemployment-mental-health-and-domestic-violence

5. Taravari, N., Rexhepi, H., & Asani, Z. (2025*). Gender Gap in Academic Research. Journal of Advanced Research in Women's Studies*, 3(2): 94-104.2025 Submitted, June 27,2025, Accepted-September 25, Published December 29,2025 https://doi.org/10.33422/jarws.v3i2.1116,
© The Author(s). 2025 Open Access. This article is distributed under the terms of the Creative Commons Attribution 4.0 International License,
The 3rd World Conference on Gender Equality, Vienna, Austria, June 12–14.

6. Nora Taravari, Hava Rexhepi, Zineta Asani, *Brain Drain in North Macedonia: Causes, Consequences, and Remedies,* KNOWLEDGE –International Journal Vol.71.1, pg.57, 2025, https://ojs.ikm.mk/index.php/kij/article/view/7628/7331

7. Zineta Asani , *Општи аспекти на медијацијата како алтернативна постапка за решавање спорови- со посебен акцент во Северна Македонија*, Centrum- ISSN 1857-8640, ISSN-1857-9395, Бр. 20/2023, стр. 366 -: UDC: 347.965.42:340.13(497.7) 2023, Center for Understanding and Institutional Cooperation (CUIC). www.centrum.mk

8. Zineta Asani, Zorica Siljanovska, Arlinda Kadri- Shahinviq, *Liability of the Seller for Handinf Over an Item With Defects in the Sales Constract in Domestic and International Law,* Зборник на трудови – Охридска школа на правото , EBSCO базата Legal Source, www.iuridicaprima. mk Collection of Papers – Ohrid School of Law is available on http://www.ebcsohost.com/public/legal-source
9. http://www.iuridicaprima.mk/downloads,UDC347.751:340.13(497.7) 347.751:341.24(436.1) original research paper, IURIDICA PRIMA Institute for Legal – Economic Research and Education
9-th International Scientific Conference OHRID SCHOOL OF LAW 2023, Redefinition of the role and significance of the Law, 11-14 May , Ohrid 17-18

***Објавени трудови по изборот доцент***

10. Zinet Asani**,** Arlinda Kadri- Shahinoviq, *„Преносливоста на деривативната сопственост според Договорот за дар„.*.„International magazine for social sciences “Vizione” бр.36/2021,стр.105, Open Access Journals, EBSCO (2021) ProQuest&Cite FactorOpen Access Journals, EBSCO (2014), Proquest & CiteFactorFirst Published in August 2004 ISSN: 1409-8962- printed form; ISSN 1857- 9221- electronic form, UDC 347.233.347.44.027 (497.7), publisher: The Association of Intelectuals “Democratic Club”, Skopje, 2022; www.visionsmagazine.org, www.visionsjournal.com

11. Zinet Asani, Arlinda Kadri- Shahinoviq, *„Divorce of marriage as a result of domestic violence*”„.„ International magazine for social sciences “Vizione” No..36/2021, pg.155, Open Access Journals, EBSCO (2021) ProQuest&Cite FactorOpen Access Journals, EBSCO (2014), Proquest & CiteFactorFirst Published in August 2004 ISSN: 1409-8962- printed form; ISSN 1857- 9221- electronic form, UDC 364.63-027.553;347.6 (497.7), 347.627.2; 364.632/.633(497.7), 347.61/.64;364.632/.633(497.7), publisher: The Association of Intelectuals “Democratic Club”, Skopje, 2022;
www.visionsmagazine.org, www.visionsjournal.com

12. Zinet Asani., „*Запишување на правата на недвижности според правната регулатива на Република Северна Македонија„,„,*International magazine for social sciences "Vizione" No.34/2020,pg.95, Open Access Journals, EBSCO (2020) ProQuest&Cite FactorOpen Access Journals, EBSCO (2014), Proquest & CiteFactorFirst Published in August 2004 ISSN: 1409-8962- printed form; ISSN 1857- 9221- electronic form, UDC 35.075.6 ;347 .235 (497.7), 347.235;340.13 (497.7), publisher: The Association of Intelectuals "Democratic Club", Skopje, 2022; www.visionsmagazine.org, www.visionsjournal.com

13. Zineta Asani, Arlinda Kadri -Shahinoviq, „*Правните дејствија за пренос на недвижности според правната регулатива на Република Северна Македонија„*, Centrum- ISSN 1857-8640, ISSN-1857-9395, бр. 11/2019 - UDC 347.235:340.13(497.7) , стр.278 , Center for Understanding and Institutional Cooperation (CUIC). www.centrum.mk

14. Arlinda Kadri-Shahinoviq, Zinet Asani., „ *Reduction of the functions of the modern family„,„,*International magazine for social sciences "Vizione" No.33/2019,pg.211, Open Access Journals, EBSCO (2019) ProQuest&Cite FactorOpen Access Journals, EBSCO (2014), Proquest & CiteFactorFirst Published in August 2004 ISSN: 1409-8962- printed form; ISSN 1857- 9221- electronic form, UDC 347.61/.64, publisher: The Association of Intelectuals "Democratic Club", Skopje, 2022;
www.visionsmagazine.org, www.visionsjournal.com

15. Ristevski, Temelko., Asani, Zinet., Halimovski, EKREM., „*Процесот на лустрација во Република Македонија„*, International magazine for social sciences "Vizione" No.31/2018, pg. 99. Open Access Journals, EBSCO (2018) ProQuest&Cite FactorOpen Access Journals, EBSCO (2014), Proquest & CiteFactorFirst Published in August 2004 ISSN: 1409-8962- printed form; ISSN 1857- 9221- electronic form, UDC 321.728-021.341:35.3 081 (497.7), publisher: The Association of Intelectuals "Democratic Club", Skopje, 2022;
www.visionsmagazine.org, www.visionsjournal.com

***Објавени трудови до изборот во доцент:***

16. Zinet Asani, "The right to a trial within a reasonable time and the factors influencing delays in civil court proceedings." Reforma – Regional Journal of Social Sciences , Vol..2/2015,pg. 169, UDC 347 ISSN: 1800-9794 -print form UDC .33(05)34(05),
The Third Regional Scientific Conference – Kosovo, Serbia, Montenegro, on the topic "Achievements and Challenges of the Balkan Countries on the Path toward European Integration," organized by the Democratic Institute of Legal Studies in Gjilan, Republic of Kosovo. 5 Septembre, 2015,
https://www.scribd.com/document/332800007/Revista-Shkencore-REFORMA-Nr-2-2015

17. Zinet Asani „ The evidentiary procedure and the forms of evidence in civil proceedings , International Institute for Private- Commercial- and Competition Law (IIPCCL) and Tirana Business University,in Partnership with University College Pjeter Budi of Prishtina and Albanian National Chamber of Mediator Vol.8/2015, pg.278, Tirana, 2013475, www;iipccl.org.

3-d Third International Conference on Business, Law, Administration and Social Science, On the topic “Business, Law, Administration, and Social Sciences – Challenges Toward the Future.”Tirana 26 Septembre, 2015, Albania

18. Zinet Asani, „*Влијанието на римскиот концепт за заштита на граѓанските субјективни права во современата граѓанска судска постапка*, Centrum- ISSN 1857-8640, ISSN-1857-9395, бр. 4/2015 - UDC 342.7:34(37) , 2015,Center for Understanding and Institutional Cooperation (CUIC). www.centrum.mk

19. Ristevski Temelko., Asani Zinet., „*Теоретските аспекти на начелата на административната постапка во функција на реализација на материјалната вистина*„ International magazine for social sciences “Vizione” No.25/2016,pg.91, Open Access Journals, EBSCO (2016) ProQuest&Cite FactorOpen Access Journals, EBSCO (2014), Proquest & CiteFactorFirst Published in August 2004 ISSN: 1409-8962- printed form; ISSN 1857- 9221- electronic form, UDC 35.077.3;340.114 publisher: The Association of Intelectuals “Democratic Club”, Skopje,
www.visionsmagazine.org, www.visionsjournal.com

20. Ristevski, T., Asani, Z.„*Fundamental Principles of General Administrative Procedure in Function of the Material Truth Cognition*„ Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, Institute of Knowledge Management, Skopje, Vol. 11/2, 2016.
International Scientific Conference- KNOWLEDGE-Capital of the Futur, www.ikm.mk

21. Zineta Asani, „„*Хармонизација на судството на Република Македонија согласно стандардите на Европската Унија,,* магистерски труд, Скопје, 2009;

22. Zineta Asani, *Заштитата на граѓанските субјективни права во Римската судска постапка* , докторска дисертација, Скопје, 2015.

23. Облигационо право- Општ дел, материјал за подготовка на испит, АУЕ-ФОН, 2023 год.

24. Авторско право, материјал за подготовка на испит-АУЕ ФОН, 2020 ГОД.

25. Статутарно право- мстеријал за подготовка на испит-АУЕ-ФОН, 2021 год.

26. Договорно право- материјал за подготовка на испит- АУЕ ФОН, 2021 год.

27. Учество на Регионална Конференција на тема “ Жените за општествени промени во државите наследнички на Бивша СФРЈ (Star Project Delphi International), Маврово, октомври 2003,

28. Учество на Конференција организирано на локално ниво од PRISMA(Star Partners for Economic Development in Macedonia),не тема “ Економски локален развој ,Дебар, јуни 2000 год. https://www.undp.org, https://ec.europa.eu

29. Учество на психо-социјалниот пројект организиран од Меѓународната хуманитарната организација GVC (Gruppo di Volontariato Civile) - Италија за децата бегалци од војната во Косово, спроведен преку Сојузот на жените албанки- Дебар, април-јуни, 1999 год. https://www.weworld.it

30. Учество на Националната Конференција организирана од невладини организации “ Жените можат да го направат тоа – I , II“, на тема “ Интеграција на концептот за рамноправноста меѓу половите во парламентарните политички партии“, Струга, март 2002 год.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целосниот преглед на доставените конкурсни материјали и деталното анализирање на сите сегменти од научното делување на кандидатот, Рецензентската комисија едногласно констатира дека проф. д-р Зинета Асани е подобна и во целост ги исполнува условите предвидени во Законот за високо образование и интерните акти на АУЕ – ФОН Универзитет, за избор на наставник во наставно-научното звање “Редовен професор„ од областа на „Граѓанското материјално право„.

Кандидатката поседува високи наставно-образовни, научно истражувачки и стручно апликативни квалитети. Со нејзината работа како наставник во звањето вонреден професор кандидатката се потврдува како исклучително професионален и трудољубив наставник, педагог и научен работник во остварувањето на наставно-образовните обврски, коишто ги извршува посветено, ефикасно и ефективно а се истакнува со нејзиниот пристап и работа со студентите. Постигала завидни резултати на сите полиња релевантни за постапката за избор во наставно-научни звања во смисла на релевантните одредби од Законот за високо образование и интерните акти на АУЕ-ФОН Универзитет. Овие квалификации на кандидатката се резултат на нејзиното постојана професионална надоградба, континуирана научно-истражувачка работа, примена на стандардни но и иновативни методи и техники во наставата, како и постојаното следење на современата научна литература за научната област за која се избира.

Особено треба да се истакнат значајните резултати кои кандидатката ги остварила во нејзината научно-истражувачка активност, кои може да се забележат преку научните трудови објавени во реномирани списанија но и презентирани преку учеството на

меѓународни конференции. Кандидадката е посветена на проблематиката од областа на граѓанското право /материјално и процесно/ и со својот истражувачки опсег дава значаен импакт и придонес за многу актуелни прашања и на национално и на глобално ниво, низ студиозен и сериозен пристап кон истите. Со тоа кандидатот во целост ги исполнува педагошките, научните, и стручните критериуми како и законските услови и условите предвиени во рамките на интерните акти на АУЕ-ФОН Универзитетот за да биде избрана во наставник во научната област, Граѓанско материјално право.

Врз основа на изнесеното, членовите на Комисијата едногласно, со полна увереност и со задоволство му предлагаат на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки при АУЕ- ФОН Универзитет, кандидатката **проф. д-р Зинета Асани** да ја ИЗБЕРЕ ЗА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНОТО ЗВАЊЕ **РЕДОВЕН ПРОФЕСОР** ОД ОБЛАСТА ГРАЃАНСКО МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **проф. д-р Осман Кадриу, претседател, с.р.**

________________________________

**2. проф. д-р Башким Селмани, член, с.р.**

________________________________

**3. проф. д-р Сејдефа Џафче, член, с.р.**

________________________________

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „ ОБЛИГАЦИОНО ПРАВО -ОПШТ И ПОСЕБЕН ДЕЛ“ ОД АВТОРОТ Д-Р ЗИНЕТА АСАНИ

Врз основа на Одлуката на Наставно – научниот совет на Факултетот за правни и политички науки при АУЕ-ФОН, за членови на Рецезентската комисија за рецензирање на учебник со наслов **„ Облигационо право- Општ и Посебен дел „ /алб.јазик/**, од авторот д-р Зинета Асани, наменет за студентите на Факултетот за Правни и политички науки-правосудни студии, за предметот Договорно право и Оштетно право, избрани се проф.д-р Осман Кадриу и проф.д-р Арлинда Кадри-Шахиновиќ.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа ,до Нставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки при Американскиот Универзитет ФОН во Скопје го поднесуваме следниот;

## И З В Е Ш Т А Ј

### I.Општ дел

### Основни податоци за ракописот

| | |
|---|---|
| Назив на ракописот; | Облигационо право-Општ и Посебен дел |
| Назив на предметната програма | Правосудни студии- втор циклус |
| Назив на студиската програма | Правосудни студии |
| Фонд на часови и ЕКТС кредити (Доколку ракописот е наменет за повеќе предмети да се наведат сите предмети ) | 6<br>Догоорно право /6 кредити/<br>Оштетно право /6 кредити/ |
| Предметот Договорно право на Факултетот за правни и политички науки е задолжителен предмет за насоката правосудни студии- модул Граѓанско право со фонд на часови 2+2 , број на ЕКТС кредити 6, и се слуша 7 семестар,<br>Предметот Оштетно право на Факултетот за правни и политички науки е изборен предмет за насоката правосудни студии- модул Граѓанско право со фонд на часови 2+2 , број на ЕКТС кредити 6, и се слуша 8 семестар, | |
| Реден број на изданието | Прво издание- Скопје, 2025; ISBN978-608-4767-58-9; COBISS.MK-ID 67809029 |
| **Основни податоци за ракописот;** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 430 страници (формат А 5) напишани на компјутер со големини на фонтот 12. Текстот е поделен во пет делови и секој дел поделен на поглавја(вклучувајќи го и литературата) и содржи случаи и примери од судската практика а истовремено практичниот дел во кој се содржани примероци од договорите. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

1.проф.д-р Осман Кадриу, с.р.

2.проф.д-р Арлинда Кадри-Шахиновиќ, с.р.

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕНЦЕНЗЕНТИТЕ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината;** | Ракописот „**Облигационо право – Општ и Посебен дел**" претставува сеопфатно и систематизирано научно дело кое на јасен и темелен начин ги обработува основните институти на облигационото право како една од клучните гранки на граѓанското право. Во првиот, општ дел се дава теоретска основа на облигационото право, при што се објаснува неговиот поим, историски развој и неговата поврзаност со другите правни области како граѓанското, семејното, наследното, трговското и стварното право. Во овој дел посебно се обработуваат изворите на облигационото право, како материјални и формални, како и современите тенденции во европското приватно право.<br><br>Понатаму, во ракописот детално се анализират основните принципи на облигационите односи, меѓу кои се издвојуваат принципот на слобода на уредување на облигационите односи, рамноправноста на странките, еквиваленцијата на престациите, совесноста и чесноста, забраната на злоупотреба на правото и забраната за предизвикување штета. Овие принципи претставуваат темел на целокупниот облигационен систем.<br><br>Во продолжение се разработуваат облигационите односи, нивното настанување, содржина, дејство и различните облици на нивна измена и престанок. Во овој контекст се објаснуваат институти како цесија, преземање долг, пренос на договор, компензација, новација, конфузија, невозможност за исполнување и застареност, при што се нагласува нивната практична примена во правниот промет.<br><br>Посебниот дел на книгата е посветен на Договорното право, каде што се обработуваат поимот и правната природа на договорите, нивните основни начела, елементите и условите за нивно склучување. Се анализира процесот на настанување на договорот преку преговори, понуда, прифаќање и постигнување согласност на волји, како и правните последици од неговото склучување. Дополнително, се разгледуваат прашањата за толкување на договорите, нивната важност, како и последиците од неисполнување или неправилно исполнување, вклучувајќи ги и ништовните и рушливите договори, како и начините на нивно престанување.<br><br>Посебно значаен дел од книгата претставува и обработката на **Оштетното право (Одговорност за штета)**, каде што се разгледуваат основите за настанување на одговорност за штета, условите за нејзино постоење и видовите на одговорност. Се прави |

| | |
|---|---|
| | разлика помеѓу субјективна и објективна одговорност, како и одговорност за друг, при што се опфаќаат ситуации поврзани со малолетни лица, лица без деловна способност, како и одговорноста на родители, старатели и правни лица. Посебно се обработуваат и специфични случаи на одговорност, како што се штети предизвикани од терористички дејствија, корупција и други ризични активности. Во рамките на Оштетно право детално се анализира и надоместот на штета, при што се прави разлика помеѓу материјална и нематеријална штета, како и начинот на нивно утврдување и надоместување во пракса. Со тоа, делото дава целосен и интегриран преглед на сите клучни институти на облигационото и оштетното право.<br><br>Во практичниот дел на ракописот се дава особено значење на примената на договорното право во реалниот правен промет, преку обработка на голем број типични договори кои се користат во секојдневната правна и стопанска практика. Овој дел има јасна цел да ја поврзе теоретската разработка на договорното право со неговата конкретна примена, прикажувајќи како договорите се склучуваат и реализираат во практични услови.<br><br>Преку практичните примери на договори се прикажува нивната примена во различни правни односи, при што се објаснуваат нивните специфики, начинот на нивно оформување и правните последици кои произлегуваат од нивното склучување. Посебно се нагласува дека исполнувањето на суштинските елементи е клучно за валидноста на договорот, бидејќи нивното отсуство може да доведе до ништовност или рушливост на договорот, а со тоа и до неможност за произведување на правни последици. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма** | Текстот Облигационо право-Општ и Посебен дел е усогласен со предметната програма на предметот Облигационо право-Општ дел, Договорното право и Оштетното право. |
| **Предлози за предметни корекции** | нема |
| **Оцена на ракописот** | 10 |
| **Категоризација** | учебник |

| | |
|---|---|
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавувањето** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 430 страници (формата Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен на 3 дела со многубројни подглавја, вклучувајќи го и лиетратурата. |

Врз основа на изнесеното, чест ни е и задоволство овој ракопис да го подржуваме и да го предложиме да се отпечати како учебник по предметот Облигационо право- Општ и Посебен дел, примарно наменет за студентите на Факултетот за правни и политички науки.

Во Скопје, 2025 год.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

1.проф.д-р Осман Кадриу, с.р.

---------------------------------------------

2.проф.д-р Арлинда Кадри-Шахиновиќ, с.р.

---------------------------------------------------